# KNAUF STORY

Број 5, декември 2009

Merry Christmas!
Среќни празници!
Gëzuar festat!
Frohe Festtage!



## Тема:
## CURRICULUM VITAE
# Herr Gips

Кнауф партнер:
„МЕГА”
ДОМ НА УБАВИТЕ
ГРАДЕЖНИ
МАТЕРИЈАЛИ

Референтни објекти:
Станбен и деловен објект во Гостивар
Северна трибина, арена „Филип Втори”
Детска градинка „НОВА”

KNAUF
Newsletter

# НОВО на пазарот

Конечно во Македонија професионални решенија за чистење и нега на Вашите простории.

Комплетни системи за чистење, нега и заштита на мермер, гранит, Cotto, камени површини, балкони и тераси.



**Уништувач на мувла**

Отстранува мувла од секаква подлога



**Средство за чистење санитарии и арматури**

За интензивно чистење на тушеви, WC-а, славини, плочки, пластика и стакло. Отстранува каменец и корозија. Дезинфицира и создава сјај на површината (концентрат до 1:10).



**Сапун за под**

Чисти и негува во еден чекор. Високо економично средство за сите видови површини (едноставно додадете една голема лажица од средството во кофа вода)

Тема:
CURRICULUM VITAE 4
Herr Gips

Референтни објекти:
Станбен и деловен објект во Гостивар 8
Северна трибина, арена „Филип Втори" 10
Детска градинка „НОВА" 16

Knauf news:
КАКО ДА СЕ ПОБЕДИ ВО УСЛОВИ НА ЕКОНОМСКА КРИЗА 12
Традиционална средба на „Кнауф и партнерите"

Кнауф партнер:
„МЕГА" - ДОМ НА УБАВИТЕ ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ 14



**Knauf Story е newsletter на Кнауф во Македонија.**
**Редакција: Кнауф Маркетинг, бул. Александар Македонски 66 Скопје.**
**Членови на редакција: Роберт Смилески, Велимир Петровски, Тодор Деловски, Александар Николовски.**
**Фотографии: Роберт Смилески, Милан Цветковиќ и КНАУФ фото-датотека.**
**Дизајн и подготовка: Република. Тираж: 1000 примероци**
**www.knauf.com.mk**

***Почитувани,***

*Ја привршуваме оваа 2009 година со петтото издание на Knauf Story.*
*Колку што нé разочара почетокот на годината кога видовме дека долгоочекуваниот градежен бум во Македонија нема да почне, толку повеќе минусот од само 7% на крајот нé прави сепак задоволни. Имаме многу планови за следната 2010 година: инвестиции, нови производи, пораст на продажбата за 10%...*
*Сепак, централната тема на овој број е приказната за гипсот. На мислење сме дека никогаш нема да има доволно простор да се претставаат совршените карактеристики на гипсот кој почнал да се употребува уште во антиката, а трендот на употреба не се намалува и до ден денес.*
*Нека белината и чистотата на гипсот и Кнауф производите направени од него заедно со белината на снегот кој се надевам ќе го имаме и оваа година, ги разубават Вашите празнични денови и нека Ви донесат во 2010-тата многу здравје и убавини.*
*Среќна Нова 2010 година. Gëzuar Krishtlindjet e Vitin e Ri. Frohes Neues Jahr.*

*Искрено Ваш,*
*Тодор Деловски*
*Директор, Кнауф Македонија*



# Curriculum Vitae
## Herr Gips – $CaSO_4+2H_20$

### ГИПС КАКО ГРАДЕЖЕН МАТЕРИЈАЛ



• Почеток на користење:
Од 2600 година п.н.е., е познат како добар градежен материјал.
(Референци: Кеопсовата пирамида - Египет, Палатата на Кносос - Крит)





• Одлични карактеристики:
обработливост, здрав природен материјал, противпожарна заштита и звучна изолација
• Различни области на примена. Производи за секоја фаза од градбата: гипсен естрих, преградни ѕидови со гипскартонски плочи и таван, гипсен малтер)
• Специјални употреби на гипсот:
Калапи, медицина, лекови, козметика, храна
• 200 милиони години стар материјал, природен ресурс.
• Видови гипс во природата:
- Калциум сулфат дихидрат ($CaSO_4 \cdot 2H_2O$)
(содржи кристална вода)
- Анхидрит ($CaSO_4$)
(без кристална вода)
- Кристалната вода во гипсот служи како противпожарна вода и топлински изолатор





• Порите се грижат за одличните карактеристики на гипсот:
Термоизолационост, дифузија на пареата (материјалот дише),
• Непроблематичен за рециклирање – докажан пријател на Природата
• Гипсот и гипсените производи се препорачливи во градежништвото поради:
- • Комфорна и избалансирана клима во просторот
- • Пропустливост на пареа (randодифузност)
- • Неутрален мирис
- • Топли и пријатни површини
- • Нежни кон кожата на луѓето
- • Нема развој на штетни супстанции за човечкото здравје
- • Иста pH вредност како човечката кожа
- • Ниска топлинска спроводливост

## МАЛТЕРИ: ПРОИЗВОДСТВО И КАРАКТЕРИСТИКИ

Гипсен малтер = гипсен прав + додатоци + полнила








Заштита од оган класа А1 - негорливи материјали

Одлични градежно-физички,  здравствени и естетски својства:

- Истовремено се малтерисува и глетува
- Постојан квалитет
- Голема цврстина
- Противпожарен малтер
- Нема пукнатини
- Економичен/ издашен
- Брзо се суши
- Пријатна клима

Класични употреби во станбени простории и спални соби, канцеларии, јавни простории и.т.н.

Исто така се користи и во влажни простории
(само со неопходно грундирање претходно!)

Погодна подлога за:
- Подни плочки и плочи од природен камен
- Греење во ѕидни површини

Нема пара-цврста површина
(идеално за минерални бои и класични тапети)

## ГИПСОТ ВО МЕДИЦИНАТА



**Врзивно средство во ортопедијата**

PH неутрален, не ја иритира кожата
Пародифузен, кожата дише
Белата боја делува чисто и хигиенски
За нега на скршеници
За имобилизација на екстремитетите

**Врзивно средство во стоматологијата**

Гипсот – поим за стоматолошки или ортодонтски модели уште од 18 век!
Гипсот во забите се карактеризира со:

- нетоксичност
- леснотија на обработка
- одлична димензионална стабилност
- доволна цврстина на рабовите на пломбата

И негативите од силикон се направени од излиен цврст гипс
Еластичноста и однесувањето при ширењето на гипсот се од суштинско значење за прецизната обработка.



## ДОПОЛНИТЕЛНИ МОЖНОСТИ ЗА ПРИМЕНА

Средство за помош при производството на калапи, за формирање на цигли, за ќерамиди и други шаблони
Производство на калапи во индустријата на керамички санитарии и прехрамбената керамика
Производство на калапи за разни садови, вази, санитарна опрема итн
Во ателјеата и работилниците на уметниците и занаетчиите, за моделирање и одливки, за кастинг, за декорирање и градба на сцени





## УПОТРЕБА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

- Во состав на вештачки ѓубрива
- Носач на агенсите кои се употребуваат при дератизацијата
- За неутрализирање и ревитализација на почвите



## ГИПС КАКО СОСТОЈКА ВО ХРАНАТА



Секој човек во својот живот употребува околу 6 тони гипс !
Гипс е дел од многу прехранбени производи:

- Калциум сулфатот е природен минерал во водата за пиење
- Се додава и за омекнување на водата за пиење
- Како додаток за кондиционирање при производство на пиво
- Како помагало при печењето на леб
- Како средство за стврднување во мармелади и џемови

Гипсот е одобрен како додаток на храната со кратенка Е 516

Биолошка застапеност на калциумот во гипсот е слична на онаа од млекото!

## ГИПС КАКО СОСТОЈКА ВО ФАРМАЦЕВТСКИ И КОЗМЕТИЧКИ ПРОИЗВОДИ

Во фармацијата:

- Како состојка во некои таблети

Во козметиката:

- Како состојка во пудрата
- Како абразив во пастата за заби
- Како термичка маска за лице (топлината ги зголемува активните супстанции)





## УПОТРЕБАТА НА ГИПС

Најголемата потреба за гипсот е несомнено во градежната индустрија. Изведувачите имаат слободен избор дали гипс во течните естриси, во гипсените плочи во преградните ѕидови и тавани, или во гипсените малтери – гипсот практично може да се примени во секоја фаза на градењето. Исто така и занаетчиите и другите работници од други области му веруваат на гипсот – специјалниот гипс се наоѓа во моделите за излевање на санитарии, во изработка на садовите за прехрана, во денталната медицина и при фиксирањето на кршениците. Гипсот дури може да го најдеме и во нашата исхрана во форма на додаток.

*Curriculum Vitae- Herr Gips. Gips als Bau- und Rohstoff, Geschichte, Produktion, hervorragende Eigenschaften, verschiedene Einsatzgebiete, Kuriositäten.*

*Curriculum Vitae – Mr. Gypsum. The gypsum as a building material and as a raw material; History of usage, Production, Outstanding performance, Huge range of application, Curios.*

# Нов современ дом

## Станбен и деловен објект (Гостивар). Во изградба.




### Податоци за референтен објект

**Проект и надзор:** ТЕРАПЛАН
**Надзор:** инж. Шабан Алиу
**Инвеститор:** Афет Шабани
**Изведувач:** ЈАСКО ИНГ
**Кнауф трговец:** ХАСКИ
**Површина:** 11 ката или вкупно 15.000 м2 гипсен машински малтер Кнауф МП 75

## Фирма Тераплан - Гостивар

Фирмата Тераплан постои од 1990 г. Седиштето на фирмата е во Гостивар. Се занимаваат со изведба на станбени, јавни и административни објекти. Листата на референтни објекти е прилично голема и содржи објекти изградени во Македонија и Косово. Еден од најрепрезентативните објекти кои го имаат проектирано е продажниот салон на Тојота во Скопје.








**КНАУФ ГИПСЕНИ МАЛТЕРИ**

Одлични градежно-физички, здравствени и естетски својства:

- Истовремено се малтерисува и глетува
- Постојан квалитет
- Голема цврстина
- Противпожарен малтер
- Нема пукнатини
- Економичен/ издашен
- Брзо се суши
- Пријатна клима

*Die positive Erfahrung der Firma Teraplan aus Gostivar mit unseren Knauf Gipsputzen.*

*Positive experience of the company Teraplan from Gostivar with our Knauf gypsum plasters.*

## По изградбата на северната трибина на арената „Филип Втори"



# Голем чекор до финалниот изглед

Македонските спортски вљубеници на големиот национален празник 2 Август, добија празничен подарок со кој ќе се гордее целата држава - Националната Арена „Филип II Македонски" во Скопје. Доизградена е северната трибина со капацитет од над 10.000 седишта и со тоа моменталниот максимален капацитет на стадионот изнесува 33.000 седишта. КНАУФ во соработка со партнер фирма целиот подтрибински простор го измалтериса со малтерот MP75. На свеченото отворање на стадионот македонската фудбалска репрезентација одигра пријателски натпревар со моменталниот европски шампион во фудбал, репрезентацијата на Шпанија. Конечниот резултат беше 2:3 иако Македонија на полувремето имаше водство од 2:0. Како и да е, на крајот ова беше сепак победа за нас, Кнауф во Македонија, посебно ако се земе предвид фактот дека во овој период имавме цел зголемување на продажбата на нашите гипсени малтери.









### Податоци за референтен објект

**Инвеститор:** ЈП ССДП РМ
**Главен изведувач:** Бетон АД Скопје
**Проектанти:**
Идеен, основен и изведбен проект:
диа Емилија Јовановска Зафирова,
диа Вера Жежељ,
диа Викторија Будимовска Скаричева
**Проект за ентериер за комерцијалниот дел од стадионот:**
Македонијапроект АД
**Изведба:**
Кнауф Малтери: МОСТЕГ ИНВЕСТ
Кнауф сува градба: Бетон – Занатски Погон
**Применети системи:**
Малтер Кнауф МР75
Различни системи за сува градба

## Од традиционалната средба на Кнауф со Кнауф трговците

# Како да се победи во услови на економска криза





Во Јуни 2009 година во Струмица се одржа веќе традиционалната средба на Кнауф со Кнауф трговците. Презентациите и дискусиите беа информативни, инспиративни и поттикнаа на многу корисни дискусии и заклучоци. Меѓу презентациите посебно беа интересни тие за трендовите на користење на Кнауф гипсените малтери, за понудата на "Knauf Insulation" во Македонија, за плановите на партнер фирмата Експро од Струмица за градење на нискоенергетски објекти и презентацијата за стратегијата во следниот период насловена: „Како да се победи во услови на економска криза, неискористени можности (понудување на сите Кнауф програми)".







*Diesen Sommer fand das regelmäßige Meeting zwischen Knauf Mazedonien und seine Partner statt. Es gab viele erfolgreiche und interessante Präsentationen einerseits und fruchtbare Debatten anderseits. Die Präsentation unter den Namen „Wie gewinnt man in den Tagen der Wirtschaftskrise" war eine der interessantesten für viele Teilnehmer.*

*This summer a regular meeting between Knauf Macedonia and its partners took place in Strumica. There were many successful presentations and fruitful discussions. The one named "How to win in days of economical crisis" was one of the most interesting for the participants.*

# Австриски ден во Скопје










На 31.10.2009 година, Македонско-австриската бизнис-асоцијација МАБА каде што Кнауф членува одржа настан на плоштадот „Македонија" под името Австриски ден во Скопје. Настанот беше замислен како целодневна забава за целото семејство преку која на инвентивни начини на сите посетители им се откриваше културата и традицијата на Австрија. На посебни штандови се претставија и повеќе фирми членки на МАБА, меѓу кои беше и Кнауф, кои во порелаксирана средина воспоставија поблиски разговори и односи со своите сегашни и идни клиенти, купувачи и пријатели.

*Die Mazedonisch- Österreichische Business Association, wessen Mitglied Knauf ist, hat einen „Österreichischen Tag in Skopje " auf dem Hauptplatz von Skopje organisiert. Knauf hatte die Gelegenheit gehabt, sich vor den zahlreichen Bürgern von Skopje zu präsentieren.*

*The Austrian-Macedonian Business Association, where Knauf is a member, has organised an „Austrian Day in Skopje" at the capital's main square. Knauf had a possibility to present itself in front of numerous citizens of Skopje.*




# МЕГА – дом на убавите градежни материјали

*„Кога пред неколку години ги гледав делата на Салвадор Дали во Фигерес, во Шпанија, заедно со моето семејство, не можев да претпоставам дека тоа денес можам да го направам и тука, во Македонија, на изложбата во Музејот на Современа Уметност во Скопје. Но ете, нештата се менуваат и сакам и на полето на градежништвото и архитектурата Македонија да ја доближам до она што го има во Европа и пошироко.“*

Во Куманово, во 1992 година г-дин Оливер Бојковски и неговата сопруга Виолета, двајцата архитекти, ја мапираа својата иднина. Во таа година тие ја формираа фирмата МЕГА. Првично Мега била смислена како проектантско биро и главно се работело на проектирање и изведба на индивидуални станбени објекти. Фирмата така работела се до 1994/95 год. Во тоа време ситуацијата во Македонија била специфична и тешка за стопанисување, и се барало брза реакција и адаптација кон новонастанатите услови. Било решено најпрво да се прошири а потоа и да се промени дејноста, а сепак да се остане во светот на неимарите.
„Во 1995 година, во централното градско подрачје на Куманово го отворивме првото продажно место за градежни материјали. Бизнисот со продажбата беше подоходовен отколку проектирањето и изведбата, па веќе од 1996 год престанавме да даваме инженерски услуги и се сконцентриравме само на трговијата со материјали за градежниство.“
Со текот на времето се воспоставувале партнерски односи со многу светски реномирани фирми за производство на материјали и опрема за градежништво: „Партнерството се градеше најчесто на база на директен увоз од произведувачите со што сакавме не само да понудиме на пазарот голем избор на материјали и опрема туку и истите да бидат по најповолни цени„
Задоволните купувачи, зголемената листа на референци и прометот ја наметнале потребата од зголемување на магацинскиот простор па така во текот на 2001 и 2002 година Мега го отвориле и продажниот магацин вон градското подрачје на Куманово, на автопатот кон Крива Паланка. Во него и денес се врши продажба на мало и големо.
„ Отворањето на ова продажно место значеше и доволно простор за адекватно претставување на разните производи во модерно изведен т.н. show room каде нашите купувачи можат во три димензии да го визуелизираат претходно замислениот простор. “
Во тоа време на експанзија Мега направил и уште неколку стратешки потези како

*Ein Gespräch mit Hrn. Oliver Bojkovski, Besitzer der Firma Mega Kumanovo, eine seit 2002 Knaufpartnerfirma, ihre Geschichte, Gegenwart und Pläne für die Zukunft.*

*Interview with Mr. Oliver Bojkovski, the owner of Mega Kumanovo, a Knauf partner company since 2002 about company’s past, present and future.*






воспоставувањето на партнерски однос со Кнауф како единствен добавувач на материјали за сува градба.
Во меѓувреме бројот на вработени значително се зголемил што било наложено од потребите за продажба и услуга, бидејќи веќе во следната 2003 година, се отворил и првиот продажен салон во Скопје. Денес во МЕГА работат 50 вработени, а и бројот на продажни места во Скопје е зголемен на вкупно три.
„Историјата на соработката со Кнауф бележи нагорна линија: од почетните чекори кога и продажбата беше поскромна, кога и мајстори за сува градба во Куманово беа само неколку, до денес кога овој начин на градба е помасовен и сразмерно на тоа и продажбата е значително поголема. Во Мега продажбата на КНАУФ гипсени плочи, заедно со цементот се едни од најважните сегменти"
Од 2007 година во продажните места на Мега е вклучена и т.н. Кнауф Баумаркт програма, т.е. производите на градежна хемија: лепаци, фуги, како и професионалните решенија за чистење и нега. Со оваа алка која недостигаше Мега денес ја нуди комплетната понуда на Кнауф: системите за сува градба, гипсени малтери, градежна хемија и изолација.
Кога погледот на Бојковски не е свртен кон неговата омилена слика од сликарот Салвадор Дали, чија репродукција виси на ѕидот на неговата канцеларија, тој гледа во блиската иднина. Таму се наоѓа нивниот нов голем предизвик – во тек се подготовките за изградбата на современ деловен и трговски центар во главниот град. Објектот треба да зафаќа 3.000м2 и треба да почне да се гради во 2010 година:
„Во моментов сум во тек на преговори со повеќе производители на материјали и продукти од Европа и Истокот. Со ова треба и онака разнвидната понуда на Мега дополнително да ја збогатиме. Всушност во тоа ја гледаме и силата на Мега како бренд – секој што има потреба да гради, да дојде во Мега и да најде се што му е потребно за градбата. Сакаме сите што имаат проблем со сегашната или идната градба решението да го наоѓаат кај нас."
Восхитувајќи се на ваквите „баумаркети" во Западна Европа Бојковски имал визија и верба дека истото може да го направи и во Македонија. Иако патот кој го поминал од почетоците до сега не е лесен, сепак верува во убавата иднина.
„Кога пред неколку години ги гледав делата на Салвадор Дали во Фигерес, во Шпанија, заедно со моето семејство, не можев да претпоставам дека тоа денес можам да го направам и тука, во Македонија, на изложбата во Музејот на Современа Уметност во Скопје. Но ете, нештата се менуваат и сакам и на полето на градежништвото и архитектурата Македонија да ја доближам до она што го има во Европа и пошироко."
На г. Бојковски и на неговата Мега и ние од Кнауф Македонија, од се срце му посакуваме таа негова визија што поскоро да ја оствари. Нека Мега биде дом на убавите градежни материјали и опрема.



*Роберт Смилески*



# Здрави материјали и весели бои за среќно детство

## Нова детска градинка во состав на училиштето „НОВА"



**Податоци за референтен објект**

**Објект:** Образовен Центар Нова
**Идеен проект:** проф. д-р. Влатко П. Коробар
**Основен проект:** Балкан Консалтинг
Изведувачи
**Сува градба:** Лимпинг
**Малтери:** Мостег Инвест
Применети системи
**Преградни ѕидови:** W115
**Спуштени тавани:** D112
**Ѕидни облоги:** W623
**Фасадни облоги:** Knauf USG Aquapanel
**Кнауф малтер:** MP75



Училишните и претшколските средини претставуваат специфичен конструкторски предизвик: тие треба да располагаат со добра акустика, противпожарни карактеристики, трајност на материјалите кои се предмет на интензивна употреба во текот на целиот живот на објектите итн. Биолошката исправност на материјалите е пак нешто околу кое не смее ни да се прават отстапки бидејќи здравјето на децата ни е најважно на сите. Кнауф со своите системи за сува градба има развиено проверени решенија кои ги задоволуваат горенеаведените критериуми. Во склоп на гимназијата Нова во Скопје, се предвидуваат да се изградат уште два нови објекти: детска градинка и основно училиште. Во двата случаи имаме примена на различни и комплетни Кнауф системи: системи за сува градба, за малтерисување и системи за надворешна примена.













# KNAUF SAFEBOARD

## Систем за заштита од зрачење

Кнауф Safeboard плочите се користат за заштита од зрачење во подрачјето на рентгенската дијагностика и рентгенската терапија. Овие простории имаат потреба од заштита од зрачење кон соседните простории. Заштитата со Safeboard плочите е загарантирана со еквивалентен учинок како и кај оловните плочи. Safeboard плочите може да се применат за изведба на заштитни преградни ѕидови, за заштита со дополнително обложување на веќе постоечки ѕидови или за заштитни спуштени тавани.

**Опис на производот**

Кнауф Safeboard плочите се гипсени плочи од типот DF според MKS EN 520 чија дополнителна карактеристика е заштита од зрачење.

**Технички податоци**

Дебелина на плочите: 12,5 мм
Ширина на плочите: 625 мм
Должина на плочите: 2.500 мм
Тежина на плочите: 17 кг/м2
Тип плочите според MKS EN 520 DF

### СВОЈСТВА

- Економична заштита од зрачење
- Безоловен лим
- Противпожарна плоча
- Едноставна примена
- Извонредна звучна изолација
- Гарантирана 100% заштита



## БЕЗ КОМЕНТАР!

Неготино, 2009 г.



## Средство за чистење на гранит-грес површини

Отстранува тврдокорни нечистотии и е погодно за темелно чистење или чистење на погрешно негувани површини (концентрат до 1:10).



## Средство за чистење на PVC мебел

За ефикасно чистење на PVC прозорци, ролетни, PVC столчиња и маси.



## Средство за чистење на урин камен

За чистење на тоалети, WC-а, писоари и слично. Ефикасно отстранува тврдокорни нечистотии, корозија, наслаги од каменец, урин каменец. Концентрат – содржи киселина. Се растворува до 1:20.



## Средство за чистење скара

Концентрирано средство кое ефикасно растворува маснотии. Ги отстранува сите масни наслаги, замастени површини и загорени остатоци при печењето.

**389 2 32 35 750**

info@knauf.com.mk

www.knauf.com.mk

Кнауф дооел Скопје Бул. Александар Македонски бб
(до хотел Континентал) 1000 Скопје

Издание Окт. 2009



КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ПРОДАЖБА И МАРКЕТИНГ
бул.Александар Македонски 66 1000 Скопје
тел: 02 3235 750 факс: 02 3235 760

info@knauf.com.mk

www.knauf.com.mk

Фирмата Gebr. Knauf Westdeutsche Gipswerke, Iphofen, основана во 1932 година, денес е една од водечките светски производители на градежни материјали со преку 150 фабрики во повеќе од 50 држави во Европа, Азија, Северна и Јужна Америка.

Производите на Кнауф-Радика се изработени во согласност со светските норми. Квалитетот на производите се следи со постојана внатрешна контрола (контролна лабораторија) и од страна на надворешни акредитирани институции (Магистрат на градот Виена, Институт за градежна биологија-Розенхајм, Технолошко-металуршки факултет-Скопје).

Во Кнауф-Радика, уште од формирањето, во сите сегменти на работењето се спроведува активно управување со квалитетот. Доказ за тоа е сертификатот за управување со квалитетот според EN ISO 9001:2000.

**Кнауф Радика АД - Дебар**
ул.8 Септември 66
1250 Дебар
Тел: 046 839 200
Факс: 046 831 650

**Канцеларија за продажба и маркетинг**
бул.Александар Македонски 66
1000 Скопје
Тел: 02 3235 750
Факс: 02 3235 760